Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 03-1270/3
21-10-2021 год.
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**

Бул. Гоце Делчев 9а. 1000 Скопје.
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Врз основа на чл. 86 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” – Скопје при УКИМ, а во врска со Одлуката за определување на начинот на изведување на наставнообразованиот процес и другите активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со комбиниран метод, физичко присуство и примена на платформи со видеоконференциска врска бр. 10-1550/1 од 19.9.2021 година, известувањето од претседателот на Комисијата за заразни болести, прим д-р Жарко Карацоски бр. 09-1240/69 од 30.8.2021 година, Деканатската управа на својата 51. редовна седница, одржана на 13.10.2021 година едногласно донесе

# ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“-СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**I. Општ Протокол за работа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде што се предвидени превентивни мерки за спречување на ширење на вирусот Ковид-19 кои мора да го применуваат сите вработени во Факултетот, сите студенти и другите посетители на објектот:**

1. Секој вработен, студент или друг посетител на Факултетот е должен за целото време додека се наоѓа во внатрешниот дел на Факултетот да носи заштитна опрема (маска, марама, шал).
2. На видно место ќе биде истакнат промотивен материјал за носење заштитна маска на лицето како и упатство за нејзина правилна употреба.
3. За време на престојот во објектот на Факултетот, секој вработен и студент да одржува физичко растојание од најмалку 1,5 метар со останатите вработени и студенти како и да избегнува физички контакт со други лица (на пр. прегрнување, допирање, ракување и сл.).
4. Секој вработен и студент да одржува лична хигиена со често и темелно миење на рацете со сапун и вода или со дезинфекција на рацете со средство за дезинфекција.
5. Во Факултетот, на видливо место да бидат поставени средства за дезинфекција и до нив да имаат пристап сите вработени, студенти или други посетители на Факултетот.

6. Редовно чистење и дезинфекција на сите простории на Факултетот каде што често се движат вработените во факултетот, студентите или други лица.

**II. Протокол за одржување на наставата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во академската 2021/2022 година.**

1. Наставата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во академската 2021/2022 година се применува со комбиниран пристап на настава (онлајн и со физичко присуство).
2. Наставата којашто се реализира со физичко присуство да биде реализирана на тој начин што во просторијата во која се држи предавањето, помеѓу секој од студентите да има растојание од најмалку 1,5 метар.
3. Секој студент за време на предавањата кои се одржуваат со физичко присуство е должен да носи заштитна опрема (маска, марама, шал).
4. Пред секоја просторија во која се одржуваат предавања да бидат поставени средства за дезинфекција и секој од студентите пред започнувањето на предавањето треба да изврши дезинфекција на рацете.
5. За време на паузите помеѓу предавањата студентите да избегнуваат поголеми групирања со студенти или со други лица.
6. Сите простории каде што се врши предавање задолжително да бидат дезинфицирани пред почетокот на предавањето, како и по неговото завршување со средство за дезинфекција кое делува на вируси според упатство од производителот.
7. Просторијата каде што се одржува наставата честопати да биде проветрувана, по можност за време на предавањата, а задолжително во текот на паузите помеѓу предавањата.

**III. Протокол за одржување на испитните сесии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во академската 2021/2022 година.**

1. Испитите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во академската 2021/2022 година се изведуваат со комбиниран пристап (онлајн и со физичко присуство).
2. Испитот којшто се реализира со физичко присуство да биде реализиран на тој начин што помеѓу секој од студентите да има растојание од најмалку 1,5 метар.
3. Пред секоја просторија во која се реализира испит, да бидат поставени средства за дезинфекција и секој од студентите пред започнувањето на испитот треба да изврши дезинфекција на рацете.
4. За целото време додека се реализира испитот, студентите се должни да носат заштитна опрема (маска, марама, шал).
5. По завршувањето на испитот студентот без непотребно задржување ја напушта просторијата во која бил реализиран испитот откако претходно ќе си ги дезинфицира рацете со средство за дезинфекција.
6. По напуштањето на просторијата во која бил реализиран испитот на студентите им се препорачува да избегнуваат големи групирања со студенти или со други лица.

7. Сите простории каде што се реализираат испитите задолжително да бидат дезинфицирани пред почетокот на испитот како и по неговото завршување со средство за дезинфекција кое делува на вируси според упатство од производителот.
8. Просторијата каде што се реализира испитот честопати да биде проветрувана, по можност за време на испитот, а задолжително во текот на паузите помеѓу испитите.

Протоколот стапува на сила со денот на донесување.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет
проф. д-р Анета Дучевска